# *ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИ ТАКСИ*



# ВОВЕД

- Паричен надоместок кој се плаќа за водење на постапка пред судовите во и претставува приход на РСМ
- Водењето на судските постапки не е бесплатно напротив често зафаќа значителен дел од трошоците на судската постапка ( + адвокатски +трошоци за вештачење +........)




- Може да претставува пречка за остварување и заштита на правата на граѓаните  и да оневозможи еднаков пристап до правдата. Неплатена или нецелосно платена судска такса го ЗАДРЖУВА текот на судската постапка а во одделни случаи од тоа зависи дали судот ќе превземе или НЕМА да превземе определено дејствие;

- ✓ Економски послабите сегменти од општеството, како и микро и малите бизниси, честопати не се осмелуваат да поведат постапка поради високите трошоци, сложените постапки и долгото време на чекање.
- ✓ Уставно загарантираното право на социјална правда и еднаков пристап на секого до правдата  може да биде ограничено од имотната состојба на граѓаните.

# Што може да се направи?

- ✓ Поголема транспарентност преку јасни и разбирливи упатства за примена на законската и подзаконска регулатива во однос на основите и начинот на определување на висината на судската такса, основите за ослободување од плаќање на судска такса и одредбите од таксената тарифа

- ✓ Проект за транспарентен начин за пресметка на судската такса;

**Вид на постапка** парнична

- стечајна постапка
- оставинска постапка
- ВПП постапка
- управен спор

**Форма на Дејствие** поднесок

- поднесок
- правен лек
- спогодба

**Дејствие** тужба

- противтужба
- одговор на тужба
- предлог за враќање во пор.сост.
- предлог за обезбедување на докази

пресметај

**Тарифен број**

**Износ на судска такса**

**Текстуална напомена**:

# СУДСКИ ТАКСИ - ПРАВНА РАМКА

- ✓ Закон за судски такси („Сл.весник на РМ бр.114/2009, 148/2011, 106/2013)
- ✓ Правилник за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и начин на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет („Сл.весник на РМ бр.76/2012)
- ✓ ЗПП (чл.28-чл.33, чл.163- чл.168)
- ✓ Судски деловник („Сл.весник на РМ 66/2013, 114/2014 чл.141, чл.142)
- ✓ Закон за бесплатна правна помош ( „Сл.весник на РСМ 101/2019)



СУДСКА ТАКСА
КАДЕ СЕ ПЛАЌА
ТАКСЕН ОБВРЗНИК
ЗА ОДЛУКА НА СУДОТ
ЗА ОТФРЛЕН ПОДНЕСОК ОД НЕОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ
ЗА ПОДНЕСОЦИ
ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА
ТАКСЕНА ОБВРСКА
ПОДНЕСОЦИ
СУДСКИ ОДЛУКИ, ПОРАМНУВАЊА,
СТЕЧАИ
ПРЕПИСИ И ДРУГИ ДЕЈСТВИЈА

# ПОСТАПКИ ПРЕД СУДОТ ВО КОИ СЕ ПЛАЌА СУДСКА ТАКСА

-парнична постапка;
-вонпарнична постапка;
- извршување;
-кривичната постапка поведена по приватна тужба ;
-управни спорови;
-упис во судски регистри;
- стечаи и ликвидации;
-барање за преиспитување на ПРК решение
-други случаи предвидени  во ТТ;

# ТАКСЕНИ ОБВРЗНИЦИ

- ✓ **За поднесоците до судот** - лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се превземаат дејствијата;
- ✓ **За судските одлуки** – тужителот или предлагачот
- ✓ **За судските порамнувања** – двете страни доколку нема поинаква спогодба
- ✓ **Во оставинска постапка пред суд** – наследниците

# НАСТАПУВАЊЕ НА ТАКСЕНАТА ОБВРСКА

- За поднесоци – кога се предаваат;
- За судските одлуки - кога се врачува препис;
- За судските порамнувања – кога ќа се случат;
- Во постапка за расправање на оставина-кога предлогот странката го предава на судот;
- Во стечајни постапки – кога се поднесува предлогот;
- Судски преписи – кога ќе се побараат;
- За други дејствија – кога ќе се побара нивно превземање.

# СОЛИДАРНА ТАКСЕНА ОБВРСКА




- Наследници во оставинска постапка

- Кога оставинската постапка се води пред нотар како повереник на судот не се плаќа такса, освен такса за поднесување на предлог пред суд.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА СУДСКАТА ТАКСА

*ВО ГОТОВИ ПАРИ НА УПЛАТНА СМЕТКА ВО РАМКИТЕ НА ТРЕЗОРСКАТА СМЕТКА*




*ПРЕКУ МОБИЛНИ ОПЕРАТОРИ*




ИНТЕРНЕТ



# УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ ЗА НАПЛАТА НА СУДСКА ТАКСА

- ✓ Вредноста на барањето односно предметот на спорот (таксена основица)

Се утврдува со примена на одредбите од ЗПП (чл.28- чл.33)

- Доколку поинаку не е определено со Законот за судски такси

- Спорови за издршка;
- Повеќе барања против ист тужен;
- Повеќе тужени во една тужба;
- Алтернативно тужбено барање; (чл.178 ст.2 од ЗПП)
- Сопственички спорови и спорови за владение врз недвижност;

- Таксите кои судовите им ги наплаќаат на странките за поднесување на тужбени барања се пресметуваат на различни начини во различни земји членки на ЕУ.
- Се делат на три главни категории: фиксни судски такси, такси засновани на определен процент од тужбеното барање и такси кои зависат од вредноста на тужбеното барање

- Дел држави во Европа имаат став дека пристапот до правдата треба да биде бесплатен (Шпанија, Луксембург)
- Дел држави (Франција, Данска, Грција, Ирска, Малта, Португалија, Шведска) имаат фиксни судски такси, без оглед на вредноста на тужбеното барање.
- Држави кои имаат комбинација од фиксни такси и фиксен процент од вредноста на барањето (Чешка и Хрватска)

# ТАКСЕНА ОСНОВИЦА ОПРЕДЕЛЕНА СО ЗСТ

10.000 ден. → Вршење родителски права;

20.000 ден. → Постоење на брак;
→ Развод на брак;
→ Доживотно издржување;

40.000 ден. → Службености;
→ Отказ д-г за закуп;
→ Смеќавање на владение;

# Неточно определена таксена основица

- ✓ Вредноста на спорот ќе ја утврди судот најдоцна до закажување на подготвителното рочиште ако утврди дека вредноста на предметот на спорот е определена многу високо или многу ниско;
- ✓ Судот ќе се впушти во утврдување на вредноста на предметот на спорот и по приговор од спротивната странка;
- ✓ Решение, жалба

# ПРОМЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТОТ НА СПОРОТ

- Ако судот утврди нова вредност;
- Промена на барањето или делумно решавање на барањето;
- Ако одлуката се побива само во еден дел;
- Правниот лек е вложен од двете странки;

# ЗАСТАРЕНОСТ

- Право на наплата - три години по истекот на годината во која требало да се плати;
- Прекин на застареност;
- Право на присилна наплата- три години по истекот на годината во која е донесено решението за присилна наплата на таксата;
- Апсолутна застареност;

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКА ТАКСА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИ ТАКСИ

- Република Македонија, државни органи, Организација на Црвен крст;
- Странски држави и граѓани под услов на реципроцитет или склучен меѓународен договор;
- Случаи определени со друг закон;

- ✓ работниците во стечајна постапка за пријавување на побарувањата;
- ✓ барањата за ослободување од трошоци на постапката,
- ✓ Управни спорови од областа на социјално осигурување, старателство , денационализација;
- ✓ Старатели:

- ✓ Странка чии средства за издржување би биле ЗНАЧИТЕЛНО намалени;
- ✓ Дозволено е одлагање на плаќањето до донесување на одлуката;
- ✓ Дозволено е плаќање на рати на судската такса;
- ✓ Предлог, решение, посебно за секоја таксена обврска;

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА СУДСКИ ТАКСИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗПП

- ✓ Судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоците на постапката странката која според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство
- ✓ Ослободувањето од плаќање на трошоците на постапката опфаќа ослободување од плаќање на такси и ослободување од полагање на аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи.

- КОГА СТРАНКАТА НАПОЛНО Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ПО НЕЈЗИНО БАРАЊЕ ЌЕ ОПРЕДЕЛИ ДА ЈА ЗАСТАПУВА ПОЛНОМОШНИК, АКО ТОА Е НУЖНО ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТРАНКАТА.
- СТРАНКАТА НА КОЈА И Е НАЗНАЧЕН ПОЛНОМОШНИК СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И НАГРАДАТА НА НАЗНАЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК.

**БЛАГОДАРАМ**

**НА**

**ВНИМАНИЕТО**